**Оригинален труд**
**UDC 351.77(495.622)”18”**

# СОЛУН ВО ИЗВЕШТАИТЕ НА СТРАНСКИТЕ ПАТОПИСЦИ
## (преглед на хигиенско-здравствените услови во 19 век)

**Силвана Сидоровска-Чуповска**
*Институт за национална историја, Скопје, Македонија*

**Key words:** The Ottoman Empire, Macedonia, Thessalonica, reform efforts, health, health care/system, forigen reports.

**Summary:** Health care in a country is one of the important elements for preserving and improving people’s health and their living and working environment, and for protection of their living standards and social safety. A great thinker once said: “Society with poor and bad education and bad health system will always be poor”.

The history of the health and medical culture in Macedonia including the social health and medical conditions in the 19$^{th}$ century has shown that pioneer steps in this respect were made and in Thessalonica at the time. This mostly applies to the mid-century when the Ottoman authorities started introducing the first laws on organization of health care. That step was only one amongst measures not only intended for protection of the Ottoman armies but the population in the Empire as well.

In 19$^{th}$ century epidemic of the plague in the Thessalonica had destructive effect upon of the people in the city. The issue of the taking care ill was part of the positive measures for the prevention of the infectious diseases.

Османлиското освојување на Македонија довело до исламизација на градскиот живот. Градовите низ вековите сѐ повеќе се менувале и добивале ориентален лик. Некои од нив развивајќи се во центри на трговијата со годините се повеќе станувале неопходни за напредокот на Османлиската Империја. Ваквата појава е карактеристична сѐ до почетокот на 19 век, кога поголемите градови, меѓу кои и Солун, започнуват да ја добиваат својата стопанска и општествена трансформација. На овој план се забележува и поголемо свртување кон поразвиениот Запад, кој имал да понуди не само многу поразвиени општествени и производствени односи, туку и високо развиена култура, во која спаѓаат и почетоците во организирањето на превентивната заштита од смртоносните заразни болести.

Дотогаш, ништо толку јасно не ја означувало ранливоста на овој град кон надворешниот свет, како и неговата беспомошност да се справи со заразните болести, кои низ вековите го десеткувале населението. На почетокот на 18 век (1724) е забележана голема

епидемија на чума кога само во „еден ден биле изнесени 250 мртви надвор од градот“. Заразата земала се поголем замав и поради постојаните движења меѓу селата и градот и била една од поголемите причини за ширење на епидемијата (Мазовер, 2008: 105).

Во 18 век од епидемија на чума имало приближно 55 000/56 000 жртви и нивниот број бил сосема блиску до популацијата на градот во средината од векот. Од ваквата негативна појава, подоцна, ќе биде спасен „благодарение на постојаното доселување на нови, најчесто христијански емигранти од селата и високиот наталитет, најчесто меѓу Евреите“ (Мазовер, 2008: 103).

Во овој период едно од прашањата што постојано се наметнувало било и дејствувањето на власта во преземањето мерки за заштита, односно, какво било османлиското „превентивно искуство“ со заразните болести. Изворите говорат дека со почетокот на 19 век, сè уште не се преземале мерки за заштита. Главните носители на смртоносните заразни болести и понатаму биле војниците, кои се враќале од војна, аџиите и трговците, носачите во пристаништето, а секако причина било и ниското ниво на култура кај населението за одржување хигиена во домовите и друго.

Заразните болести, како и другите ризици на градското живеење ги нагласувале ограничените ресурси и амбиции на Османлиската Империја. Вистината била дека градскиот кадија и паша имале малку средства на располагање, бидејќи градот и неговите интереси често биле притиснати меѓу барањата од Цариград од една и моќните регионални земјосопственици од друга страна. Во справувањето со криминалната правда, Солун не се разликувал од останатите градови во Империјата. Посредувањето и паричните казни биле редовно застапени, додека затворот поради ограничениот простор не ја вршел својата намена. Од овие причини Портата неподготвена да го толерира високото ниво на улично насилство во градот им го оставила во рацете на локалните моќници најголемиот дел од државното уравување. Бунтовите на сиромашните за храна до средината на 19 век била редовна појава. Од друга страна, контролирањето на јаничарите скоро било невозможно и заедно со Албанците, тие биле најглавниот внатрешен предизвик за империјално владеење (Мазовер, 2008: 107–108).

Меѓутоа, и во една ваква неповолна ситуација со почетокот на 19 век, започнале да се спроведуваат и првите мерки за заштита во Османлиската Империја. Тие биле по примерот на поразвиените земји во Европа во кои речиси еден век функционирале карантинските рестрикции наменети за патниците од Османлиската Империја. Со овие први чекори за заштита од заразните болести, ранливоста на

Солун од чумата, од колерата и од други епидемии почнала постепено, но сигурно да се намалува.

Иницијативата за спроведување на карантискиот систем во Империјата се должи на залагањата на султанот-реформатор Махмуд II. Бидејќи секоја новина во Империјата наидувала на пречки во својата реализација и работата на карантинската служба на почетокот се соочила со големи притисоци од верска природа, како и несигурноста поврзана со голем број тешкотии на организациски план. Така, во времето на големата епидемија на чума во 1835–1837 година, било донесено решение само за привремени карантини. Набргу потоа, свиканиот совет од Високата порта ја согледал корисноста од карантинот и донел одлука „дека карантинот како заштитна мерка не му противречи на Шериатот“ и била публикувана фетва во истиот дух (Манолова-Николова, 2004: 212).

Во ова време се бележат и првите иницијативи, но и тешкотии во функционирањето на карантинската служба во Солун. Британскиот конзул Чарлс Блант во својот извештај од 2 мај 1836 година, споменува за безуспешен обид, каде главен виновник бил солунскиот паша Ибраим-паша. Потенцирајќи го значењето на Солун британскиот конзул уверувал „дека местоположбата на Солун дава специфични предности за воспоставување карантин, со што малку пристаништа на Турција можат да се пофалат“. Меѓутоа, во извештајот од 2 август, истата година, британскиот конзул пишува дека нештата во врска со отворање карантин во Солун се придвижиле од мртвата точка: „изгледа мој лорде (м.б., лорд Понсонби), дека неговата Екселенција Ибраим-паша, веројатно има добиено некои инструкции од Цариград во врска со отворање карантин, зашто тој определи едно лице што ќе има должност да го задржи секој кораб што се обраќа со овој град, се дотогаш додека не се прегледаат неговите документи. Исто така, се преземаат мерки да се спречат контакти со заразените села“ (Британски документи, 1968: 89–91).

Меѓутоа, функционалноста на карантинот во Солун, наредната, 1837 година и понатаму се покажал неефикасена, бидејќи од страна на британскиот конзул Ч. Блант било забележано „дека чумата ја уништила трговијата во градот и повеќето од пазарите биле затворени“. За разлика од Турците, кои поради суеверие останувале во градот „Евреите кои сочинувале повеќе од две третини од населението (околу 30 000), повеќето го напуштиле градот“ (Британски документи, 1968: 96).

Како последица, од чумата во Солун започнале да се применуваат и поуспешни мерки. Со овие мерки сите стоки од заразените домови

требало да се подложат на *задимување*. Според извештајот во градот имало малку луѓе што биле против воспоставување карантин (Британски документи, 1968: 98).

Во 1838 година во Османлиската Империја започнале да се случуваат извесни придвижувања и на организациски план. Тоа било забележително преку спроведувањето на новите превентивни мерки: лазаретите, санитарни кордони и карантините. Набргу бил формиран и Санитарен совет на Османлиската Империја со меѓународен карактер. Со доаѓањето на новиот султан Абдул Меџид (1839) започната реформска политика продолжила и Советот бил преименуван во Врховен санитарен совет на Империјата (Манолова-Николова, 2004: 212–213). Сега работите тргнале на подобро и мерките започнале да се спроведуваат. Карантински станици се отвориле во поголемите градови во Империјата и била издадена строга наредба со која требало да се следат починатите од чума (Манолова-Николова, 2004: 214). Во Солун на 4 октомври1838 година, пристигнало и специјално лице т.н. КАРАНТИНЕР-АГА со задолжение да ја следи ситуацијата со заразните болести во градот (Британски документи, 1968: 117).

Во 40-те години на 19 век карантините и пунктовите стануваат неодминлив дел од животот на Балканот. Во Османлиската Империја се појавуваат серија санитарни згради и тоа по должината на морските брегови за да се спречи ширењето на чумата или на колерата. До 1848 година биле изградени близу триесет и пет вакви згради. Истата година Врховниот санитарен совет фигурира во салнамето со два основни елементи: биро кое се состоело од осум членови, избрани од османлиската влада и вториот елемент, кој го сочинувале делегирани членови од разни европски сили: Франција, Русија, Велика Британија, Австрија, Прусија, Сардинија, Тоскана, Белгија и Грција. Овие членови имале рамноправни гласови како и османлиските колеги (Манолова-Николова, 2004: 215).

Карантиската служба и основаните станици, како и мерките што биле спроведени, биле под постојана опсервација на британскиот конзул Ч. Блант. На 27 јанауари 1847 година, по барање на британската влада, испратил извештај што се однесувал за карантинските станици, кои се наоѓале на територијата под надлежност на британскиот конзулат. Во него се барало и преглед за нивната активност во врска со справувањето со заразите и со мерките што се преземале. Карантинските станици под јурисдикција на британскиот конзулат биле основани во периодот 1838–1839 година и се наоѓале во Солун, Паноми, Лефтеркор, Платамона (во непосредна близина на Солун), Касандра, Света Гора, Воло, Кавала и Орфано во

заливот Контеса (Британски документи, 1977: 161–162). Во изворите е забележано дека карантинските закони многу строго се спроведувале на територијата на британскиот конзулат. Загрозените стоки заедно со екипажот од бродовите се носеле во Лазаретот, каде секојдневно биле подложени на чистење од чуварите. Во карантинот останувале сè додека не била издадена дозвола за заминување.

Резултатите од ваквата активност биле сè повеќе видливи. Во својот извештај до лордот Палмерстон од 13 јануари 1848 година, британскиот конзул Ч. Блант го пишува следново: „Среќен сум што можам да го известам Вашето лордство дека немаше ниеден случај на колера во Солун, ниту пак имало случаи во градовите и селата под јурисдикција на британскиот конзулат“. Понатаму во извештајот конзулот е скептичен и дополнува: „Доколку сепак би се појавила овде, повеќе од веројатно е дека нејзиното разорување би било страотно поради нечистотијата на улиците, бедотијата и пренаселеноста на еврејското население. Солун е буквално најнечист град во Турција, иако и при оваа ситуација, бидејќи е сместен на падините од ридот, со малку внимание и незначителен трошок може да се направи најчист. Локаните власти се глуви за секакви интервенции во врска со предметот“ (Британски документи, 1982: 3).

Османлиските градови биле тешки за одгатнување за посетителите од Запад. За многу од нив, како и за генерации западни историчари, тие не се однесувале како вистински градови. Солун кон средината на 19 век, најчесто бил опишуван како место „без јавни простори како плоштади или булевари, најчесто необично тивки со малку сообраќај на тркала, улиците темни и напуштени ноќе, со опасности кои демнеле од сите страни“ (Мазовер, 2008: 164–167).

Германскиот патник Браун-Висбаден кој во 60-те години од 19 век го посетил Солун напишал: „Внатрешноста на градот е разочарувачка… го фрла човека во иритирачко разочарување… сите улици се тесни, како кравји патеки и мирисаат на штала… отворените бразди постојано смрделе, отпадните води се собирале покрај ѕидовите од долниот дел на градот, а лошите и вијугави улици без тротоари, биле доволно сурови да ги уморат и најсилните стапала во ден за шетање... куќите, привлечни оддалеку, изгледале лошо одблизу…” (Мазовер, 2008: 168).

И покрај мрачните слики за градот видено со очите на разни патописци, започнале да се случуваат работи, кои ги придвижиле работите кон подобро. Во септември 1872 година италијанскиот кралскиот вицеконзул Бернардо Ламбертенги во своите статистички белешки за трговијата и пловидбата во Македонија напишал:

„Внатрешноста на градот одговара на она што делува однадвор; улиците се тесни и лошо поплочени, градбите се од дрво со одвратен изглед и тоа престојот во Солун го прави жалостен. Меѓутоа, неговиот изглед се подобрува секој ден. Од пред две години месната управа се нафатила со задача да ја разубави внатрешноста, улиците веќе се исправаат и стануваат пошироки, се уриваат згради и старите ѕидини. Откај пристаништето ѕидините се веќе демолирани и овозможуваат пријатна прошетка кон морето. Тука ќе бидат подигнати згради за потреби на трговијата и удобноста на граѓаните. Како некое чудо се појави прекрасен парк уреден со упорните грижи на сегашниот гувернер Сабри-паша…” (Матковски; Ангелакова, 1974: 212).

Во 1872 година бил направен напредок во изградбата на солунската карантинска станица, правејќи расходи од 5 500 фунти. Ова го споменува во својот извештај од 21 септември 1873 година британскиот конзул во Солун, Џон Блант, до сер Хенри Елиот, амбасадор на Велика Британија во Цариград. За карантинската станица го дал следниов опис: „Тоа е голема и пространа институција. Изградена е на еден изолиран простор на морскиот брег, на два часа одалеченост од Солун и содржи задоволително сместување за 400 болни, апартмани за болничкиот персонал, две мали болници, трло, магацини и еден изобилен резервоар со вода. Покрај другите локални подобрувања што беа направени во текот на годината и кои ќе ја докажат полезноста за јавното здравје, треба да ги спомнам: проширувањето на старите и отворањето на новите улици; болницата за прием на болни; новиот канал за одвод на површинските води и нечистотиите; делумното исушување на заразното мочуриште во близината на градот и изградбата на неколку огноотпорни магацини за петролеј и за други запаливи супстанции (Британски документи, 2003: 290–291). Освен тоа, се менувала и градската инфраструктура со појавата на нови станбени градби и хотели кои сега добивале европски стил. Во 1874 година патописецот Џејмс Бејкер запишал „дека во Солун имало два хотела, средно комфорни“, наспроти сеќавањата на Едвард Лир од 1848 година кој споменува за „градба, вид хотел кое не било ништо друго освен бледа сенка на европското сместување“ (Мазовер, 2008: 170).

Напредокот на градот на овој план е опишана и од страна на француските конзул Аугуст Дозон. Тој, во извештајот од 25 јули 1883 година до Министерството за надворешни, соопштува: „Долж квартот Штира каде главно има големи дуќани, складишта со житарици, кожи и железарија, се солидни градби што денес ги делат калдрми… треба да се признае дека веќе една година Беледието, како што во Франција ја нарекуваат градската општина, се труди да ги подобри улиците и

нивното подредување, работа која се состои во нивелирање на земјиштето, средување на уличната чистота и распределба на водите. Значајноста на последнава служба е првостепена… Се дигаат згради на местата на старите ѕидини…Некои од нив личат на дрвени кафези чии ѕидови се исполнети со мали и со големи камења или тули… Жалосно е да се види со каква недостатност во планот, со каква неуредност и хигиена се ширеше градот, кој без сомнение одеше со брз чекор напред… Сепак, некои странски компании, во прв ред на онаа на браќата Алатини придонесоа и придонесуваат за подобриот изглед и чистота на градот, пред сѐ, благодарение на квалитетот и на бројот на градбите што ги изградија и ги градат во различните квартови" (Матковски; Ангелакова, 1972: 240).

За ваквото подобрување на општата слика за градот имало и градскиот општински совет основан за време на раководењето на Сабри-паша. Целосна ангажираност на ова поле започнала реално да дејствува под Галиб-паша, управител на Солун меѓу 1882 и 1891 година, кој вложувал напори да ги подобри комуналните услови и да ја обезбеди јавната чистота, која недостасувала. И покрај видливите недостатоци особено кај станбените живеалишта што се опишани како „жалосни костури од дрво покриени со вар или поточно со кал и се постојана и неминовна опасност за оној што е принуден да живее во нив, поради честите пожари… е несфатливо како Беледието т.е. општинскиот совет, кој успеа толку плодотворно да создаде, со помошта на  конзулите и разни комисии да вршат инспекција врз животот и чистотата на улиците минатото лето (со оглед на заканувачката епидемија на колера) не може да утврди норми за конструкција на куќите, ако не од естетски обзири, барем да се намалат несреќите во куќите од пожари" (Матковски; Ангелакова, 1972: 238).

Токму овие урбанистички недостатоци биле причина за честите пожари низ целиот 19 век. Меѓутоа, по катастофалниот пожар од 1890 година, кој уништил голем дел од југоисточниот страна дел на Солун, повеќе централни улици биле проширени и зајакнати. Други инвеститори го модернизирале снабдувањето со вода и вовеле светло на гас во срцето на градот. Урбаната маса на градот била повторно цртана според интересите на регуларност, пристапност и предвидливост додека центрите на владината моќ – новиот конак на гувернерот, бараките, општинската болница и големите царинарници – биле поврзани со нови или со проширени патишта.

Со почетокот на 90-тите години од 19 век градоначалниците на Солун ги отвориле вратите на странските инвеститори. Во 1893 година

белгиски инвеститори добиле дозвола за изградбата на модерен систем за водоснабдување. Во градот се појавиле и првите светилки на гас (Мазовер, 2008: 212).

На крајот од 19 век се појавила и т.н. „приватна филантропија", која од еден странски новинар била наречена „треска на милосрдие". Новите болници, сиропиталишта и клиники биле сведоци за грижата на општинските лидери. Се одржувале забави, рецитали и прилози за собирање пари за жртвите од поплавите, за бегалците и храна за сиромашните деца. Во овој период е забелжана и една друга појава. Општините во Солун (патријаршиска, егзархиска и еврејска) за подобрување на хигиенско-здравствени услови се почесто обезбедувале бесплатни лекарства и серуми за борба против дифтерија, додека слабо развиените медицински услуги се обидувле да ги регулираат со доктори  и аптекари, кои немале лиценција за работа.

И покрај ваквите придвижувања во градот, како што бележат патописците од крајот на векот, одржувањето на чистотата сѐ уште била на многу ниско ниво. Улиците и понатаму останувале претрупани со ѓубришта, а свежа и сигурна вода за пиење и понатаму не стасувала до домовите на сиромашните. Во западните предградија, неколку стотици луѓе секоја година биле постојани жртви на заразните болести, особено дифтеријата и маларијата (Мазовер, 2008: 215).

Солун бил град на контрасти каде присуството на разни религии го правеле уште поспецифичен, притоа имајќи ги сите негативности како и секој поголем град. За ова најдобро говори и сведоштвото на кореснодентот-историчар Вилијам Милер, кој за Солун од крајот на 19 век забележал: „Не мислеле сите дека имало повеќе придобивки отколку опасности некој да биде заробен од бандити, убиен од пирати или да се разболи од чума, колера или маларија… други биле привлечени од ризиците или чувството да се биде во центарот на настаните… патникот во потрага по сликовитото или кој бега од обични места овде ќе го пронајде тоа што го бара" (Мазовер, 2008: 164).

Интересот од страна на странските патописци да известуваат за случувањата во Солун продолжил со несмален интензитет и со почетокот на 20 век.

**Литература:**

*Британски документи за историјата на Македонија*. 2003. Под редакција на Драги Ѓорѓиев. Док. 52. Скопје. Том IV (1857–1885).

*Британски документи за историјата на македонскиот народ*. 1968. Под редакција на Христо Андонов–Полјански. Док. бр. 74, 75, 80, 81 и 85. Скопје. Том I, (1797–1839).

*Британски документи за историјата на македонскиот народ*. 1977. Под редакција на Христо Андонов–Полјански. Док. бр.161, Скопје, том II, (1840–1847).

*Британски документи за историјата на македонскиот народ*. 1982. Под редакција на Христо Андонов–Полјански. Док. бр.1. Скопје. Том III, (1848–1856).

Мазовер, Марк. 2008. *Солун – град на духови*. Скопје.

Манолова-Николова, Надя. 2004. *Чумавите времена (1700-1850)*. София.

Матковски, Александар; Ангелакова, Поликсена. 1972. *Извештаи од француските конзули од Солун 1877 до 1883 година*. Скопје. Год. XVI. Бр. 1.

Матковски, Александар; Ангелакова, Поликсена. 1974. *Извештаи од италијанските конзули од Солун и Кавала од 1870 до 1881 година*. Скопје. Год. XVIII. Бр. 2.